**20241993436**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за водостопанство за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 17/24 и 175/24) во делот II табелата се менува и гласи:

| Ред. Бр. | Мерка | Износ на средства (во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Изградба, реконструкција, одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изградбата; експропријација и пренамена на земјиште и тоа за: Изработка на геодетски елаборати за посебни намени и Изградба на брана на Слупчанска Река | 10.000.000,00 |
| 2 | Обврски по започнати капитални проекти за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица | 82.020.000,00 |
| 3 | Обврски по Договори за проекти кои се во тек на реализација и за проекти за кои е започната постапка за јавна набавка од страна на Управата за водостопанство и тоа за: Реконструкција на ПС Дебарско Поле, Изградба на систем Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен Речица, Изработка на Основен проект за реконструкција и модернизација на систем за наводнување во општина Сарај, Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во Општина Сарај | 97.422.756.00 |
| 4 | Изградба, реконструкција, рехабилитација, санација на водостопански објекти со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје и тоа за: Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Надзор на реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор, Надзор за автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор и Набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје. | 29.480.000,00 |
| 5 | Обврски по склучени Договори за изградба, реконструкција и одржување на водостопански објекти за наводнување и одводнување и тоа за: Пумпна станица Марена и набавка на резервни делови од страна на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје | 15.798.244,00 |
| 6 | Обврски за активности за остварување на соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите | 500.000,00 |
| 7 | Вложувања и нефинансиски средства за потребите на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје | 100.000.000,00 |
| | **Вкупен износ на средства (во денари)** | **335.221.000,00** |

II

Во делот III воведната реченица се менува и гласи:

„Реализацијата на средствата од дел II мерки 1, 2, 3, 6 и 7 од оваа програма во износ од 289.942.756,00 денари ќе ја врши Управата за водостопанство и тоа за: “.

Во алинејата 2 износот „100.000.000,00“ се заменува со износот „82.020.000,00“.

III

Делот IV се менува и гласи:

„Реализацијата на средствата од дел II мерка 4 од оваа програма во износ од 29.480.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, санација на водостопански објекти со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост -Скопје и тоа за: Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Надзор на реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор, Надзор за автоматизација на режимот на работа на пумпна станица Таор и Набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.“.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8778/5
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.